097

Врз основа на член 44 став (14) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука утврди

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛНИ ПРЕДМЕТИ НА ОПШТИНСКО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование бр. 18-6573/1 од 06.07.2020 година, во член 6 во ставотѕ 1 зборот „конкурс“ се заменува со зборовите „јавен повик“.

Во ставот 2 зборот „конкурсот“ се заменува со зборовите „јавниот повик“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Доколку на Јавниот повик се пријават две или повеќе здруженија кои ги исполнуваат условите согласно член 44 од Законот за основното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници одлучува врз основа на дополнителни критериуми и тоа:

- бројот на наставници коишто членуваат во здружението,
- бројот на наставници од здружението коишто како ментори учествувале на меѓународни натпревари/олимпијади и
- добиените награди за освоени места на меѓународни натпревари/олимпијади каде што ментори биле наставници од здружението.

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6 и 7.

**Член 2**

Во членот 8 во ставот 1 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- поради непочитување на одредбите од Законот за основното образование и овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 18-3228/1
22.02.21 2021 година
Скопје

**Министер за образование и наука,**
**Мила Царовска**